Државен инспекторат за животна средина
http://www.sei.gov.mk/

Арх

Решение бр. ИП1-08-24
Датум 06.02.2023 година
Државниот инспекторат за животна средина преку Главен водостопански инспектор Лидија Зафировска, со службена легитимација број рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Општина Кратово со адреса на деловното седиште на субјектот на инспекциски надзор Ул.„Маршал Тито"6б Кратово бр.1 застапувано од градоначалник Тодорче Николовски со Записник број ИП1-08-24 од 30.01.2023година ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 230 став 1став 2 став 3, член 124,126,142,174 од Закон за води („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и 151/2021 ); го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1) Се задолжува субјектот на инспекциски надзор Општина Кратово да врши правилна распределба на води за водоснабдување преку јавно водоснабдување на населението на територија на надлежност на Општина Кратово. Потребно е да ги превземе сите селски водоводи и на совет на Општината и да ги предаде на управување на јавно претпријатие за водоснабдување.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 3 на ова решение, инесува 90(деведесет) дена од приемот на решението.

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

4) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување согласно член 240 став 6 од Закон за води. При поднесување на жалба потребно е да се достават во прилог на жалбата целокупната приложена документација во копија верна на оргинал наведена во образложение од ова решение.

## Образложение

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став 1 став 2 став 3, член 124,126,142,174, од Закон за води („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и 151/2021 ); преку Главен водостопански инспектор Лидија Зафировска, со службена легитимација број рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Општина Кратово со адреса на деловното седиште на субјектот на инспекциски надзор Ул.„Маршал Тито"6б Кратово бр.1 застапувано од градоначалник Тодорче Николовски со Записник број ИП1-08-24 од 30.01.2023година во кој е констатирано:
Во инспекцискиот надзор на ден 30.01.2023год согласно надлежноста која ја има Општина Кратово треба да има програма за заштита од штетно дејство на водите според член 124 од Закон за води, одобрен од институции и совет на Општината оперативен план за заштита од поплави согласно член 126 од Закон за води. Урбанистичките планови кои зафаќаат дел од крајбрежни појаси на реки и акумулации потребно е да бидат усогласени со мислење од надлежно министерство за животна средина -сектор води. Потребно е да ги превземе сите селски водоводи и на совет да ги предаде на управување на јавно претпријатие за водоснабдување. Решение за поставување на урбана опрема покрај река може да се издаде

Решение бр. ИП1-08-24
Датум 06.02.2023 година
од Општината откако ќе се даде водостопанска согласност за поставување на урбана опрема на брегот на површински води.
Согласно доставена преставка за изворишни води во село Којково потребно е Општината преку надлежни испектори да врши надзор за правилна распределба на води за водоснабдување. Во овој случај потребно е лицето Манева Вера сопственичка на КП 1638 ИЛ 161 КО Којково (сопруга на Коле Манев) да побара мислење од Министерство за животна средина согласно член 17 од Закон за води кој гласи: Сопственикот или носителот на друго стварно право на земјиштето, може без дозвола за користење на водите слободно да ги користи атмосферските води што се собираат на неговото земјиште или земјиштето врз кое што има стварно право во границите на личните потреби на домаќинството, водејќи сметка за режимот на водите и за таквите права на другите лица.
(2) Сопственикот или носителот на друго стварно право на земјиштето на кое се наоѓа вода, може да црпи и да користи подземни води од подземните водни тела за лични потреби и за потребите на домаќинството, без обврска да поседува дозвола за користење на водата, доколку исцрпеното количество подземна вода не надминува 10 м³ вода дневно и со тоа не се предизвикуваат негативни последици по истото, или по соседното подземно водно тело.
(3) Сопственикот или носителот на друго стварно право на земјоделско земјиште може да црпи и да користи вода од подземни водни тела за наводнување на земјоделско земјиште, без обврска да поседува дозвола за користење на водата под следниве услови:
- земјиштето да не е опфатено со хидросистем или систем за наводнување,
- потребните количини на вода за наводнување да не надминуваат повеќе од 1 л/секунда и
- пред копање на бунарот да обезбеди позитивно мислење од органот на државната управа надлежен за вршење на стручни работи од областа на управувањето со водите.
Преставникот на доставена преставка од лицето Дејан Павловски кој тврди дека изворот на вода е во негова парцела КП 1636 ИЛ 59 КО Којково исто така треба да има позитивно мислење за сопствени потреби согласно член 17 од Закон за води.
Општината согласно своите надлежности треба да обезбеди здрава вода за пиење и врши контрола над употребата на води за водоснабдување. Доколку има потреба преку одлука на Совет на Општина да предвиди средства за изградба на водоснабдителен систем.

Согласно член 164 од Закон за водите, водостопански дејности и услуги од јавен интерес, претставуваат изградба,одржување и експлоатација на водостопанските објекти и постројки со кои се обезбедуваат водостопански услуги и се обезбедува зафаќање, црпење, акумулирање, третман и дистрибуција на површински или на подземните води, за јавното водоснабдување со вода наменета за консумирање од страна на човекот и за технолошки потреби, или се обезбедува собирање и прочистување на отпадните води кои се одведуваат во површинските води. Согласно Закон за водите јавно водоснабдување на населението претставува снабдување со вода за пиење од водоснабдителен систем на повеќе од пет домаќинства, односно повеќе од 20 жители.

Согласно член 185 од Закон за водите, Градоначалникот на општина Кратово е должен да обезбеди :
-Постигнување на целите поврзани со стандардите и со вредностите за квалитет на водата која се зафаќа и користи за водоснабдување на населението во општината
-Развивање и одржување на ефикасен и економичен систем за водоснабдување со вода за пиење во доволни количини и според барањата до сите законски корисници на територија на општина Кратово и
-Преземање на потребните мерки утврдени со одредбите на Законот за води.

Државен инспекторат за животна средина
ул. „Павел Шатев" бр. 2 -Палата „Емануел Чучков" Скопје
http://www.sei.gov.mk/

Решение бр. ИП1-08-24
Датум 06.02.2023 година

**Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**ПРАВНА ПОУКА**

Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување согласно член 240 став 6 од Закон за води. При поднесување на жалба потребно е да се доставаат во прилог на жалбата целокупната приложена документација во копија верна на оргинал наведена во образложение од ова решение.

Против ова решение според член 230 од делокруг на водостопанскиот инспектор и постапување според членот 234 од Закон за води незадоволната странка може да изјави жалба против решението според член 240 од Закон за води.

Жалба против ова решение може да се изјави во рок од 15(петнаесет) дена од приемот на решението доставена до Државната Комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка на следната адреса: Кеј „Димитар Влахов„ бр. 4 Скопје. Според член 37 од Закон за административните такси, според тарифа на административните такси за списите и дејствата кај органите на управата во РСМ за жалба против решение за тарифен број 2 се уплатува 250 ден на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка. Решено во Државен инспекторат за животна средина со решение под број ИП1-08-24 од 06.02.2023год.

Лидија Зафировска

---------------------------

Главен водостопански инспектор

М.П.

Бр.на легитимација Рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год